Macedonian
January 2001
[BHC-5705]

# Што треба родителите да знаат за задевањето на децата
## What parents should know about bullying

Задевањето е чест проблем во училиштата. Се случува кога некое дете намерно ќе повреди друго дете или средношколец или преку физичко насилство, нарекување лоши имиња, исмејување или дофрлување на нуљубезни коментари за изгледот на тоа дете. Тоа може да биде и со "жртвување" на детето по пат на исклучување од групата или дури и со срамење пред други деца на тој начин што ќе се рашират доверливи работи или гласини за детето меѓу другите ученици. Понекогаш задевањето може да премине во сексуален напад.

**Како се одразува задевањето врз децата?**
Некои луѓе сметаат дека задевањето не ги повредува децата – им помага да зајакнат. Тоа, едноставно, не е точно. Не заборавете дека додека некои деца се доста отпорни, некои се почувствителни. Задевањето може да им наштети на децата и младинците на следниве начини:

* Прави да се чувствуваат изолирани
* Прави лошо да се чувствуваат. Децата веруваат во тоа што деругите го велат за нив.
* Ако другите им велат дека се грди или глупави, тие може да веруваат во тоа и покрај тоа што родителите им велат убави работи за нив.
* Се одразува врз нивната способност да учат во училиште
* Може да доведе до депресија кај децата и младинците, а во некои случаи и до самоубиство.

**Кои се знаците дека некој го задева вашето дете на училиште?**
Затоа што следниве знаци може да бидат знаци и на некои други проблеми, важно е прво да разговарате (нежно) со вашето дете пред да донесете погрешни заклучоци.

* Необјаснети модрици, драсканици или посекотини
* Оштетена облека или предмети што му припаѓаат на детето
* Губење на предмети
* Намален интерес за училиштето
* Се послаб успех во учењето
* Ако не сака да оди на училиште или во училишниот автобус
* Загриженост, лутина или агрсивност
* Жалење на главоболки , стомачни болки или чести посети на училишната соба за болни ученици
* Општо необјаснето нерасположение
* Ако детето има малку другари
* Проблеми со спиењето, вклучувајќи и мочање в кревет и лоши соништа
* Ако не сака да зборува за училиштето
* Ако е загрижено или потиштено кога е време да се врати на училиште после викендот или распустот.

**Што ако детето ви каже дека некој го задева и не му дава (не и дава) мир?**
Сослушајте го. Не велете “не се грижи за тоа” или “удри го и ти”. Кажете му јасно дека го сакате. Ако задевањето продолжи, јавете се во училиштето и кажете или го следново:
* што се случило
* кога и каде се случило
* имињата на учениците и ако имало сведоци
* кога задевањето почнало за прв пат
* какви обиди за решение се направени до тој момент
* имињата на наставниците кои знаат дека тој проблем постои

**Контактирањето со училиштето**
Кажете му на детето дека ќе зборувате со некои од училиштето. Тој/таа можеби ќе се загрижат дека тоа ќе ги влоши работите – но не заборавете дека задевањето продолжува заради чувањето на тајната. Ако не сте сигурни дека ќе можете да се искажете на англиски, замолете некој близок, пријател или сосед кој зборува англиски да дојде со вас. Ќе треба да:
* Закажете средба со соодветното лице. Тоа може да биде учителот со кого вашето дете добро се сложува, директорот или заменикот на директорот,училишниот советник или (во средно училиште) советникот за годината (тоа е наставник кој се грижи за добросостојбата на учениците во одредената година)

**Што да направите на состанокот**
* Соработувајте со присутните – речете “што можеме да сториме во оваа ситуација?” наместо да ги обвинувате или да се лутите
* Прашајте какви прописи има востановено училиштето за да се справат со прекумерното задевање
* Прашајте како училиштето најчесто ги решава ситуациите на задевање
* Прашајте како можете вие да помогнете
* Пред да си отидете, треба да биде јасно што ќе преземе училиштето и кога ќе ве контактираат

**Како може да помогне Фондацијата за поддршка (Peer Support Foundation)**
Тоа е организација што изработува програми за училиштата за да се подобри добросостојбата на младите лица и на заедницата. Фондацијата има програми за да им помогне на училиштата да станат посвесни за постоењето на прекумерното задевање и како тоа да се спречи. Ако сте загрижени за задевањето на вашето дете во училиштето, обратете се во Фондацијата за повеќе информации на телефон (02) 9905 3499.

Ако ви треба помош да се јавите на англиски, најпрво јавете се во Службата за преведување (TIS) на 131 450.

Повеќе информации од областа на здравството на македонски можете да најдете на веб страницата на Multicultural Communication на <http://mhcs.health.nsw.gov.au>.

Телефонските броеви се точни во времето на издавање на оваа информација, но не се обновуваат ако дојде до промена. Ќе треба да ги проверите во телефонскиот именик пред да се јавите.